Република Северна Македонија
АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН
Бр. 01-17/14
13.10 2023 год.
СКОПЈЕ

АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН

AUE FON
AMERICAN UNIVERSITY OF EUROPE

# Б И Л Т Е Н

БР. 1-2023/2024

Скопје, 13.10.2023

# С О Д Р Ж И Н А

Реферат за избор/реизбор на еден наставник во сите звања од научните области Англистика (64004) и Применета лингвистика (64011) на Факултетот за странски јазици при Универзитетот АУЕ ФОН, Република Северна Македонија.........................................……….....................................................................……..1

Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања од науните области Меѓународни политички организации и Дипломатија на Факултетот за правни и политички науки при Американскиот Универзитет на Европа – ФОН......................................................8

Раферат за избор на еден наставник во сите насловни звања на Факултетот за странски јазици при Американскиот Универзитет на Европа- ФОН, Република Македонија.....................................................................................................22

Реферат за избор на наставник од областа Јавна управа на Факултетот за правни и политички науки при Првиот приватен универзитет – АУЕ – ФОН....................................27

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР/РЕИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ОД НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ АНГЛИСТИКА (64004) И ПРИМЕНЕТА ЛИНГВИСТИКА (64011) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ АУЕ ФОН, РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Наставно-научниот совет на Факултетот за странски јазици на својата редовна седница, одржана на 6.10.2023 година избра Рецензентска комисија во врска со конкурсот за избор/реизбор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научните области според Фраскатиевата класификација Англистика (64004) и Применета лингвистика (64011). По увидот во доставениот материјал, Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Марија Јанева-Михајловска, проф. д-р Ана Лазарова и проф. д-р Марјана Ванева, има чест да му го предложи на Наставно-научниот совет следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

На конкурсот објавен во весникот „Нова Македонија" од 15.09.2023 и исправката од 16.09.2023 година, за избор во сите наставно-научни звања во научните области 64004 Англистика и 64011 Применета лингвистика се има пријавено д-р Љубица Кардалеска-Радојкова како единствен кандидат:

**проф. д-р Љубица Кардалеска-Радојкова**

1. **Биографски податоци и образование**

**Љубица Кардалеска-Радојкова**, родена во 1972 година, дипломирана во 1996 на наставната и преведувачката насока на Катедрата за англиски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, и се стекнала со звање дипломиран професор по англиски јазик и книжевност. Во 1998 година се запишува на постдипломски студии на истиот факултет, ги завршува испитите со просек 9,6 и во 2003 година, со одбраната на тезата под наслов „Показатели на адверсативната релација во англискиот и во македонскиот јазик" се стекнува со научна титула Магистер по филолошки науки. Во 2008 година ги започнува докторските студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, и во 2013 година ја одбранува својата докторска дисертација „Сегашен перфект (прост и траен) во англискиот и неговите еквиваленти во македонскиот јазик" и се стекнува со звањето Доктор по филолошки науки на Катедрата за англиски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје.

2. **Професионална и наставно-научна дејност**

Своето работно искуство го гради уште од 1997-та година како учесник на проект на Светска банка во рамките на Министерството за здравство на РМ. Оттогаш има работено и на други слични меѓународни проекти, со обврска превод и толкување во области поврзани со структурни и правни реформи и хармонизација на регулативата на РМ со регулативата на ЕУ. За време на нејзиното работење на проектите, Љубица има остварено и посета во САД, што е посебно важно за усовршување на компетенциите на професорот во наставата по јазични и културолошки предмети од англосаксонска тематика. Од 2003-2005 година работи како надворешен соработник на Катедрата за преведување и толкување при Филолошкиот факултет во Скопје, каде реализира настава по англиски јазик. Напоредно, таа работи и во приватно училиште за странски јазици. Во 2007 година се вработува на Првиот приватен универзитет ФОН во редовен работен однос најнапред како асистент по предметот Морфологија на англискиот јазик, по што е избрана како лектор по англиски јазик на Факултетот за применети странски јазици. По изборот за лектор по англиски јазик на Универзитетот ФОН во најголемиот дел нејзиното работно искуство опфаќа работа на матичниот факултет – Факултетот за странски јазици, но покрај тоа Љубица изведувала настава по англиски јазик и на Факултетот за политички науки, меѓународни односи и дипломатија (за што има напишано и рецензирано учебно помагало во 2012 година *Компендиум на англиски текстови – со јазични вежби за лексика и анализа на текст*), на Факултетот за економски науки, Факултетот за правни науки. На подрачјето Англиски јазик во струка, во 2014 била ангажирана како предавач на Курс по англиски јазик за политички науки во Американското катче во Скопје.

На Факултетот за странски јазици Љубица Кардалеска држела и држи настава на студентите од сите години и тоа по предметите Морфологија на англискиот јазик, Интеркултуролошка комуникација, Деловен англиски јазик, Англиски јазик во струка. Љубица е исто така ангажирана и на втор циклус на студии, по предметите Јазик, култура и комуникација, Социолингвистика и Теории и техники на преведување.

Кандидатката редовно се труди да го збогати искуството на студентите и надвор од предвидениот материјал, каде посебно во културолошките предмети, разработува со студентите актуелни теми од општествениот и деловен живот на земјите од англо-саксонското подрачје. Овие теми се анализираат преку семинарски трудови, видео проекции, дебати и слично.

Во рамките на нејзините ангажмани на Факултетот за странски јазици спаѓаат и организациски и административни работи; учество во различни комисии (на пр. координатор за постдипломските студенти од насоката меѓународен бизнис, комисија за трансфер на студенти, комисија за распределба на ангажман и распореди), учество во изработката на наставните и на предметните програми по англиски јазик за ФСЈ и за нематичните факултети при Универзитетот ФОН, писмени преводи на официјални документи и договори за потребите на Универзитетот итн. Сите овие обврски, кандидатката Кардалеска навремено и ажурно ги извршува.

Во ноември 2016 таа е поставена за Декан на Факултетот за странски јазици. Покрај редовните административни обврски во рамките на функцијата, Љубица е иницијатор и учесник во активности во чија основа е промоција на придобивките од повеќестраната надградба на студентите во текот на нивната формална наобразба. Како резултат на тоа

група студенти беа вклучени во истражување на тема Читачки навики, презентирано во НУ Библиотека Григор Прличев во Охрид, потоа во активности поврзани со размена на книги, јазични работилници наменети за наставен кадар од основните и средните училишта, вклученост на студенти како предавачи по англиски јазик во Американското катче во Струга, одбележување на Денот на јазиците преку запознавање на студентите со издаваштво на странски јазици достапно во Македонија и сл.

3. **Конференции, обуки, проекти**

Љубица Кардалеска - Радојкова се истакнува и со богата научно-истражувачка дејност од повеќе области на теоретската и применета лингвистика. Учествува со свои реферати на бројни национални и меѓународни конференции, меѓу кои се научни собири во Гронинген (Холандија), Виго (Шпанија), Познан (Полска), Белград, Нови Сад, Ниш (Србија), потоа на Универзитетот Ломоносов и др. Кандидатката покажува интерес за контиуниран професионален развој преку учество на обуки од областа на методиката на настава по англиски јазик (преку стекнување со CELTA сертификат по реализирана обука во Лондон, Велика Британија) и од областа на психолингвистиката и дидактиката (посебно од областа на развојната психологија и потешкотии во јазичниот развој и описменување, реализирани на Институтот за експериментална фонетика во Белград), како и од областа на конференциски и симулатан превод, реализирани во Краков и Варшава (Полска), Талин (Естонија) и Стокхолм (Шведска).

Таа е учесник и на проектот насловен „Ефектот на рано учење на странски јазик'', финансиран од Министерството за образование и наука на РМ, а е и активен член на Истражувачкиот центар за ареална лингвистика при МАНУ, Р. Македонија. Во рамки на лексикографски проект при Агенцијата за примена на јазикот на РСМ, учествува како стручен консултант за јазична редакција на двојазичен Толковник од областа на правото и администрација.

Се јавува и како рецензент на стручна литература од областа на лингвистиката, како The Indispensable English - од м-р Александра Саздова Моцан и Introducing Translation as Intercultural Communication - од проф. Наташа Бакиќ Мириќ, напоредно со ангажманот во рецензентски комисии на стручни списанија. Како рецензент на дополнителни литературни дела се јавува во насловите Providence од Владимир Петаноски и Спекулумот на лудата жена (книга во печат) од проф. Татјана Срцева-Павловска.

Во улога на преведувач на наслови од областа на книжевноста се поврзува и со следните наслови: A Study in Scarlet - Студија во скерлетно црвено (од Артур Конан Дојл) и Anne of Green Gables – Ана од Грин Гејблс (од Луси М. Монтгомери) – во печат.

4. **Научни и стручни публикации**

Љубица Кардалеска-Радојкова има објавено голем број научни и стручни трудови во домашни и меѓународни професионални списанија:

„Форми на експанзивност и на рестриктивност во употребата на јазикот (Expansive and Restrictive Use of Languages and Language Varieties)" – Vizione no. 40 – Visions – International Journal of Social Sciences, 2023, стр. 81-94

„Компоненти во толкувањето на правните норми", во Стручно списание „Правник", број 373, мај 2023 (во ко-авторство со Сејдефа Џафче)

Мојот прв зборовник од Лазарополе (Бележник и јазична вежбанка), Едиција „Јазикот наш денешен", кн. 33, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", Скопје, 2022

"Metaphors as a tool in political speeches. Student reflections" во The Role of English in Higher Education, Proceedings of the International Seminar ESP and CLIL – Current drivers of HEI Internationalisation (во ко-авторство со Габриела Неделкоска), 2021, стр. 77-84

"Captions for Text-Based Visuals and Texts as a Learning Aid for Dyslexics" во The World of Languages: Contemporary Outlook, Cambridge Scholars Publishing. Lady Stephenson Library, Newcastle upon Tyne, 2021

„Општествено-хуманистичките науки во изменетите парадигми на современото доба" во Spectrum, 1., јуни 2020, 15-23

"A Comparison of the Effects of Two Reading Comprehension Approaches: Metacognition and Graphic Organizers - A Case Study of a Reader with Dyslexia" во Current Topics in Language and Literature: An International Perspective, Cambridge Scholars Publishing, 2019, стр. 139-148

"Teachers as material designers - insights from designing an ESP course book in English for political science and diplomacy" (во ко-авторство со Габриела Неделкоска) - Positioning English for Specific Purposes in an English Language Teaching Context, University of Nis, Serbia, no.1, 2018, стр. 94-100.

"Revisiting the view of phonological and phonemic awareness as early predictors in reading difficulties" (во ко-авторство со Александра Каровска-Ристовска) VIZIONE Skopje 29/2018, јануари 2018, стр. 23-31;

"Parallel Thinking Tools in ESP language instruction" Journal of Teaching English for Specific and Academic Purposes, University of Nis, Vol. 4, no.2, 361-365, 2016;

"Points of intersection between linguistics and law-enforcement", Меѓународен годишник на Факултетот за безбедност, 2016/2, стр. 94-100

"Individualized approach as a form of adjustment in reading instruction for dyslexic pupils" International magazine for social sciences VIZIONE Skopje 24/2015, 47-57

"On parents' beliefs about early second language acquisition", Зборник на трудови – Конференција ELLSEE – Филолошки факултет, Катедра за англиски јазик, Белград, 2014;

“The impact of jigsaw approach on reading comprehension in the ESP classroom” – Journal of Teaching English for Specific and Academic Purposes –University of Nis, Serbia, Vol.1, no.1, 53-58, 2013;

“Active learning techniques as instructional tools aimed at fostering reading comprehension in the ESP classroom”, Department of Foreign Languages, Academy of the Interior Troops, Ministry of Internal Affairs, Kharkiv, Ukraine, 2013;

„Воведување странски јазици на рана возраст – биолошки и социолошки фактори’’, Литературен збор (4-6), 2012;

„Развојната дислексија како јазична тешкотија”, Литературен збор (1-3), 2012;

„Влијанието на контрастивниот приод при совладувањето на семантичкиот опсег на англискиот сегашен перфект” - Зборник на рецензирани трудови - Конференција - Филолошка истраживања данас, Белград, 2012;

„Најзастапени тешкотии при усвојувањето на компонентите на англискиот сегашен перфект од страна на говорителите со македонски мајчин јазик” – Зборник на рецензирани трудови - Меѓународен конгрес за применета лингвистика, Нови Сад, 2011;

„Ambiguity as an instrument in verbal expression”, Komunikacija i kultura, issue II - online journal (peer-reviewed), 2011;

„Континуитет во јазичното образование на сите нивоа на формалниот образовен систем”, Зборник на трудови, Конференција – Наука и савремени универзитет, Ниш, 2011;

„Јазичен пуризам и јазична глобализација врз примери од современиот македонски јазик”, Јазикот наш денешен, книга 20, Институт за македонски јазик, Скопје, 2011;

„Статусот на негацијата во реченични структури со композитот додека не”, Прилози на МАНУ, XXXVI, 1-2 (посветен на акад. Зузана Тополињска), 2011;

„Специфики на говорниот развој кај близнаците”, Литературен збор (1-3), 2009;

„Синонимските низи при усвојувањето на вокабуларот”, Литературен збор (4-6), 2009;

“Verbs + ing forms and Verbs + (to) Infinitive” - distinctions - HUPE – Newsletter, Загреб, 2009;

„Јазикот и социјалниот престиж”, Годишен зборник на трудови, Универзитет ФОН, 2009;

“Building and Maintaining an Adequate Vocabulary”, MELT - Newsletter, ELTA, Белград, 2008;

„Експоненти на адверсативната релација во англискиот и во македонскиот јазик”, Slavia Meridionalis, Полска академија на науките и уметностите, 2003;

„Формални експоненти на семантичката категорија Определеност - контрастивна анализа на употребата на членот во англискиот и во македонскиот јазик” – Зборник на рецензирани трудови, Научен собир, Adam Mickiewicz University, Познан, Полска, 2003;

„Синтаксичка деривација” – превод на англиски на поглавје од едицијата „ Полски – македонски, Граматичка конфронтација” (бр. 6) – од акад. Зузана Тополињска, МАНУ, 2003;

„ Bilingual children” – II Меѓународен симпозиум за билингвизам, Универзитет Виго, Шпанија,2002;

„Уривањето на Кулата Вавилонска – благослов или проклетство” - Зборник на трудови - Поглавје Преведување – Конференција за применета лингвистика, Нови Сад, 2001.

**Универзитетски учебници:**

Како автор и ко-автор на универзитетски учебници, Љубица Кардалеска-Радојкова се јавува во следните наслови:

*1.Специфични тешкотии во учењето* (Дислексија, Дисграфија, Дискалкулија и Диспраксија) (во ко-авторство со Александра Каровска-Ристовска и Горан Ајдински), Филозофски факултет, УКИМ, Скопје, 2016

*2.Процена и стратегии за работа со ученици со дислексија, дискалкулија, дисграфија и диспраксија* (во ко-авторство со Александра Каровска-Ристовска, Горан Ајдински, Орхидеја Шурбановска), Филозофски факултет, УКИМ, Скопје, 2018

*3. Компендиум на англиски текстови* (со јазични вежби за лексика и анализа на текст) Учебно помагало за англиски јазик во струка (Политички науки, меѓународни односи и дипломатија), Икона, Скопје, 2021.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Имајќи ги предвид квалификациите на пријавената кандидатка, како и широчината на интереси и нивното успешно поврзување со примарната област на стручен и научен интерес, поткрепени со приложената документација, понатаму постигнатите резултати во наставата по англиски јазик, целокупниот ангажман во административното работење на Универзитетот ФОН, како и континуираната и богата научно-стручна надградба и публикации, Комисијата дојде до заклучок дека **д-р Љубица Кардалеска-Радојкова** целосно ги исполува условите на конкурсот за избор во наставно-научно звање од областите Англистика и Применета лингвистика (според Фраскатиевата класификација) на

Факултетот за странски јазици при Првиот приватен универзитет ФОН, каде кандидатката изведува настава.

Врз основа на горенаведеното, чест и задоволство ни е да му предложиме на ННС при Универзитетот ФОН да ја избере **д-р Љубица Кардалеска-Радојкова** во звањето **Редовен професор за научните области Англистика и Применета лингвистика.**

Скопје, 10.10.2023

Рецензентска комисија:

проф. д-р Марија Јанева-Михајловска

проф. д-р Ана Лазарова

проф. д-р Марјана Ванева

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ОД НАУНИТЕ ОБЛАСТИ МЕЃУНАРОДНИ ПОЛИТИЧКИ ОРГАНИЗАЦИИ И ДИПЛОМАТИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПРАВНИ И ПОЛИТИЧКИ НАУКИ ПРИ АМЕРИКАНСКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН

Наставно-научниот совет на Факултетот за правни и политички науки при АУЕ - ФОН во Скопје на седницата одржана на ден 12.09.2023 година, формираше Рецензентска комисија за избор на наставник во научните области **Меѓународни политички организации (50704) и Дипломатија (50705)** во состав: 1. Проф. д-р Билјана Ванковска, редовен професор на Филозофскиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј, Скопје - претседател, 2. Проф. д-р Нано Ружин – професор емеритус на Факултетот за правни и политички науки при АУЕ – ФОН, Скопје - член и 3. Проф. д-р Јове Кекеновски, редовен професор на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид при Универзитетот Св. Климент Охридски, Битола – член.

Рецензентската комисија ги доби материјалите пристигнати по конкурсот и по разгледувањето на истите има чест до Наставно-научниот совет на Факултетот за правни и политички науки да го поднесе следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот за избор на **наставник во сите наставно-научни звања од научните области Меѓународни политички организации (50704) и Дипломатија (50705)**, објавен во дневниот весник „Нова Македонија" на 29.06.2023 година, во определениот рок се пријави доц. д-р Анита Глигорова, доцент на Факултетот за правни и политички науки на Американскиот универзитет на Европа – ФОН.

## I. Биографски податоци

Д-р Анита Глигорова е родена на 20.08.1975 година во Скопје. Основното и средното образование ги завршила во Скопје со континуиран одличен успех. Во учебната 1996/97 година се запишала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Студиите ги завршила во 2002 година и се стекнала со звање дипломиран филолог по општа и компаративна книжевност – научна насока.

Во учебната 2007/08 година се запишала на постдипломски студии по Европска и меѓународна политика и дипломатија, на Факултетот за политички науки, дипломатија и новинарство при Првиот приватен универзитет ФОН. Постдипломските студии ги завршила во 2011 година, со одбрана на магистерскиот труд на тема: „Политиката на проширувањето на НАТО и односите со Република Македонија“ со што се стекнала со научен степен магистер на политички науки област европска и меѓународна политика и дипломатија.

Во декември 2011 година, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, ја пријавила докторската дисертација со наслов „Практикувањето на воените операции и цивилните мисии на Европската безбедносна и одбранбена политика и државите-кандидати за членство во Европската унија“, која ја одбранила на 14.03.2017 година и се стекнала со научен степен доктор на политички науки.

Во јули 2013 година се стекнала со диплома за успешно завршена регионална летна школа за „Статистика, демографија и глобален развој“ во Цетиње, во организација на Универзитетот Доња Горица од Подгорица, Црна Гора.

**Професионално и наставничко искуство:**

Период: 01.11.2018 – тековно - доцент на Факултетот за правни и политички науки при Американскиот универзитет на Европа – ФОН, од областите Меѓународни политички организации и Дипломатија

Период: 30.05.2016 – 30.10.2018 - асистент на Факултетот за политички науки и дипломатија при Првиот приватен универзитет ФОН, од областите Меѓународни политички организации и Дипломатија

Период: 17.02.2006 – 30.05.2016 - личен асистент на ректорот на Прв приватен универзитет ФОН

Период: 23.11.2004 – 01.12.2005 – новинар во дневниот економски весник БИЗНИС

Во текот на наставничката кариера, по изборот во доцент, д-р Анита Глигорова на додипломските студии на Факултетот за правни и политички науки ги предавала предметите Историја на дипломатија, Надворешна политика, Теорија и практика на дипломатијата, Дипломатско конзуларни односи и Меѓународни организации, а на постдипломските студии ги предавала предметите Современа дипломатија и Дипломатско преговарање. Во текот на овој период одржала и неколку гостински предавања на Универзитетот ЕДУКОНС во Нови Сад и на Европскиот центар за мир и развој во Белград во Република Србија. Воедно била ментор и член во комисии за оценка и одбрана на повеќе дипломски, спцијалистички и магистерски тудови.

Доц. д-р Анита Глигорова била член на Универзитетскиот сенат на Американскиот универзитет на Европа – Фон во периодот од 01.11.2018 до 24.06.2022 година, како и Координатор за управување со квалитет и иновации во периодот од 14.02.2022 до 04.10.2022 година. Од 15.03.2022 година, таа е претседател на Комисијата за развој и имплементација на политиката за квалитет на Американскиот универзитет на Европа – ФОН. Доц. д-р Анита Глигорова членувала во повеќе факултетски и универзитетски комисии и работни групи меѓу кои: Комисијата за самоевалуација на Факултетот за правни и политички науки (чиј правен наследник е актуелниот

Факултет за правни и политички науки); Комисијата за подготовка на елаборати за прв и втор циклус студии за студиските програми за политички науки на Факултет за правни и политички науки; Универзитетската комисија за подготовка на елаборати за трет циклус на ФОН Универзитет; Работната група за подготовка на општи акти за високообразовна дејност на ФОН Универзитетот; Коодинативното тело за координација на комисиите за подготовка на елаборати за нови студиски програми на Американскиот универзитет на Европа - ФОН.

Поред активностите на Американскиот универзитет на Европа – ФОН, доц. д-р Анита Глигорова од 15.12.2020 година е потпретседател на Алијансата на централно источни европски универзитети (Alliance of Central-Eastern European Universities - ACEU).

Доц. д-р Анита Глигорова била член на научни комитети на неколку меѓународни научни конференции и тоа: Меѓународната конференција на ACEU 9-th International Scientific Conference on Climate Change, Economic Development, Environment and People (CCEDEP), одржана на Универзитетот "Luigi Gurakuqi" во Скадар, Република Албанија во 2021 година; 2nd International Scientific Conference "Recent Innovations in Science and Technology, Economic and Social Fields", одржана на АУЕ – ФОН во Скопје во 2021 година; 4th International Scientific Conference "Local to global research policy: Universities role in orienting society towards science", одржана на Универзитетот Доња Горица во Подгорица, Црна Гора во 2021 година; 1st International Scientific Conference of "Contemporary Trends and Multidisciplinary Issues in Nowadays Society", одржана на Универзитетот Luarasi во Тирана, Република Албанија во 2020 година; и 7-th Climate Change, Economic Development, Environment and People Conference (CCEDEP), одржана во Охрид во 2018 година. Била ментор на победничкиот тим на Универзитетскиот проект "Фабрика на знаење"во 2019 година.

Доц. д-р Анита Глигорова, во академската 2021/2022 година, престојувала по пет работни дена на Универзитетот Медитеран во Подгорица и Универзитетот Адријатик во Тиват, Црна Гора, во рамки на Еразмус + програмата за мобилност на наставен кадар. Била член во бордот за регионалниот проект Western Balkan Project „Strengthening regional academic and research exchange", Western Balkan Funds, 2020 – 2021 година, а во моментов е менаџер на ЕРАЗМУС + проектот „Strategic Partnership for Transdisciplinary Balkan Studies: Geophilosophy of the Balkans", 2020 – 2023 година.

**<u>Објавени научни и стручни трудови по изборот во доцент</u>**

Покрај редовната наставна работа, доц. д-р Анита Глигорова во рамки на својот научен ангажман, во последните 5 години ги објавила следните научни и стручни трудови во меѓународни научни публикации:

1. ***„Significance and effects of Globalization",*** Vision International Refereed Scientific Journal, Volume 6, Issue 2, International Vision University-Institute of Social Sciences, Гостивар, 2021.
2. ***"Diplomacy as a tool for Conflict Prevention and Management",*** Vision International Refereed Scientific Journal, Volume 5, Issue 2, International Vision University-Institute of Social Sciences, Гостивар, 2020.
3. ***"Excise tax in Kosovo and harmonization with the acquis communautaire - comparative analysis"***, Proceedings of International Scientific Conference of "Contemporary Trends and Multidisciplinary Issues in Nowadays Society", Luarasi University, Tirana, 2020.
4. ***"The new EU Directive on Combatting Terrorism: a Critical Appraisal",*** International Scientific Conference "Archibald Reiss Days", Thematic Conference Proceedings of International Significance, University of Criminal Investigation and Police Studies, Belgrade, 2019.
5. ***"EU Emmissions Trading Scheme: Recent Developments"***, Vision International Refereed Scientific Journal, Volume 4, Issue 2, International Vision University-Institute of Social Sciences, Гостивар, 2019.
6. ***"The Arbitration Commission and The Dissolution of the Yugoslav Federation"***, Knowledge, International Journal Scientific Papers, Vol. 35.5, IKM, Скопје, 2019.
7. ***"EU Cyber Defence Policy: Recent Developments"***, Proceedings of the 8th International Scientific Conference on Climate Change, Economic Development, Environment and People (CCEDEP 2019), Novi Sad, 2019.
8. ***"Ecologic Cadastre: Comparative Overview of the EU and Macedonian Law"***, Proceedings of the 8th International Scientific Conference on Climate Change, Economic Development, Environment and People (CCEDEP 2019), Novi Sad, 2019.

9. ***“Financing EU Military Operations: The Athena Mechanism”,*** Vision International Refereed Scientific Journal, Volume 3, Issue 2, International Vision University, Gostivar, 2018.

**Краток приказ на дел од објавените трудови по изборот во доцент**

1. ***„Significance and effects of Globalization”,*** Vision International Refereed Scientific Journal, Volume 6, Issue 2, International Vision University-Institute of Social Sciences, Гостивар, 2021, pp. 9-25.

Овој труд ги опишува областите во кои глобализацијата како процес ја опфати земјината топка, темпото на промени и нејзиниот повеќедимензионален ефект. Со оглед на потешкотијата за дефинирање на поимот глобализација, како синдром на бројни процеси и активности во најразлични области, нагласени се дефиниции од неколку теоретичари, кои глобализацијата ја дефинираат од различен аспект. Исто така се анализира појавата, развојот и значењето на глобализацијата како феномен во меѓународните односи и како репрезентативен поим за комплексен збир на економски, политички, социјални, културни, технолошки и други промени, кои се забележани во меѓусебната зависност и зголемувањето на интеракцијата меѓу народите од различни делови на светот, нагласувајќи дека е невозможно да се определи прецизен временски период кој ќе се смета за почеток на глобализацијата, ниту точен датум на постигнување целосна глобализација. Потоа, во трудот е елаборирано влијанието на глобализацијата врз создавањето на нов меѓусебно поврзан меѓународен поредок, што имплицира дека иднината ќе биде „свет без граници“ во сите сегменти од животот. Во трудот се истакнати примери на позитивни ефекти и придобивки од процесот на глобализација во многу области, но и загриженоста и скептицизмот на антиглобалистите, кои на глобализацијата гледаат како на детерминанта за создавање нееднаквост на слоеви и загрозеност на некои држави, региони или култури во мултидимензионален контекст. Интересно е тоа што во сиромашните држави, повеќето креатори на политики и јавноста ја гледаат глобализацијата како позитивна сила, додека антиглобалистите се позастапени во богатите држави.

2. ***“The new EU Directive on Combatting Terrorism: a Critical Appraisal”,*** International Scientific Conference “Archibald Reiss Days”, Thematic Conference Proceedings of International Significance, University of Criminal Investigation and Police Studies, Belgrade, 2019, pp.373-384.

Овој труд ја анализира Директивата за борба против тероризмот од 2017 година, како најзначаен правен инструмент усвоен од страна на ЕУ, а насочен кон борбата против тероризмот. Оваа Директива ги имплементира меѓународните обврски во борбата против тероризмот кои произлегуваат од резолуциите на Советот за безбедност на ООН, како и соодветните конвенции на Советот на Европа. Директивата настојува да ги адресира проблемите на пример со пристапот до терористичка содржина преку Интернет, што согласно Директивата мора да биде отстранета од сајтот, или ако истиот се оперира надвор од ЕУ, тогаш пристапот до него мора да биде блокиран (бидејќи преку ваквите интернет - страници се само-радикализираат потенцијалните извршители на терористички акти на територијата на ЕУ); понатаму, инкриминирано е обезбедувањето на обука за тероризам, што може да се состои стекнување на знаења, документација, само-обука итн. со цел извршување на терористички напади; тука влегуваат и т.н. ниско-технолошките напади со секојдневно достапни средства (на пр. нападите со камиони во Берлин); употребата на радиолошко оружје и нелегалното попречување на информациони системи, исто така, е вброено во терористичките активности; адресиран е и проблемот на странските терористички борци и повратниците од боиштата во Сирија итн. Новата Директива гарантира и серија права за жртвите на терористичките напади, и (во случај на нивна смрт) за членовите на нивните семејства. Таа помош вклучува: медицинска помош, емоционална и психолошка помош, совети во врска со достапната правна помош, помош при истакнувањето на барања за надомест на штета итн.

3. ***“EU Emmissions Trading Scheme: Recent Developments”***, Vision International Refereed Scientific Journal, Volume 4, Issue 2, International Vision University-Institute of Social Sciences, Гостивар, 2019, pp.87-102.

Во овој труд се анализира системот за тргување со штетни емисии во Европската унија кој што беше воспоставен во 2005 и денес во него учествуваат 31 држава (од ЕУ и надвор од ЕУ). Овој систем опфаќа преку 12000 индустриски постројки од ЕУ и

авиопревозници и опфаќа половина од вкупните емисии на јаглероден диоксид во ЕУ. Досега ЕТС поминал низ следните фази: Прва фаза (2005-07), Втора фаза (2008-2012), Трета фаза (2013-20) и Четврта фаза (2021-2030). Посебен акцент е ставен врз реформите кои се извршени со новата ЕТС Директива од 2018 година, според кои беа воведени следните елементи: ЕТС ќе биде главниот инструмент со кој ќе се остваруваат целите за намалување на штетните емисии за 40 %, со годишен фактор за намалување од 2,2 посто (т.н. линеарен фактор за намалување), а кој ќе се применува од 2022 година. Така, во 2030 година нивото на јаглероден диоксид треба да се намали за најмалку 40% во споредба со податоците за нивото на ЦО2 во 2005 година. Но, Еврокомесарот за животна средина постави уште поамбициозна цел тоа намалување да биде 45 % во споредба со нивоата од 2005 година. Во моментот, само Германија предничи во остварањето на овие цели со масовно користење на обновливи извори на енергија и со реализацијата на стратегијата за што поголем број на електрични возила на германските патишта. Со измената на Одлуката 2015/1814, процентите и стотте милиони дозволи кои што ќе бидат ставени во резервата за стабилизирање на пазарот ќе бидат привремено удвоени до крајот на 2023 година. Сега, правилото е дека од 2023 година дозволите кои што се чуваат во резерва над вкупниот број на дозволи дадени на аукција во претходната година повеќе нема да бидат валидни. Воспоставен е и нов механизам за ограничување на валидноста на дозволите во резервата за стабилност на пазарот над определени нивоа кои ќе бидат оперативни од 2023 година. Според новиот чл.13, дозволите издадени од 1 јануари 2013 година ќе важат неограничено. Дозволите издадени од 1 јануари 2021 ќе вклучуваат индикатор во кој десетгодишен период после оваа дата биле издадени, и ќе бидат валидни за емисиите од првата година од тој период, па во следниот период. Предвидени се и нови заштитни механизми за заштита на индустријата од протекување на јаглерод и ризикот од примена на крос-секторскиот фактор за корекција.

4. ***“EU Cyber Defence Policy: Recent Developments”***, Proceedings of the 8th International Scientific Conference on Climate Change, Economic Development, Environment and People (CCEDEP 2019), Novi Sad, 2019, pp. 179- 194.

Овој труд ја разгледува кибер-безбедносната политика на ЕУ во последните две децении, со посебен акцент на рецентните развои, кога ЕУ како значаен политички и

економски субјект беше подложна на серија кибер - напади. Следствено, кибер – безбедноста стана исклучително важна не само за ЕУ и нејзините држави – членки, туку и меѓународната безбедност воопшто. За таа цел, ЕУ има воспоставено соработка на ова поле со други држави и со меѓународни организации, меѓу кои најзначајна е соработката со НАТО. Сепак, оваа соработка страда од серија недостатоци, кои пак ги искористуваат поединците или групите кои извршуваат кибер - напади. Најзначајни чекори кои се преземени се: усвојувањето на Стратегијата за кибер - безбедност во 2013 година, Пакетот за кибер – безбедност од 2017 година, како и казненоправните мерки преземени за борба против кибер - нападите. Трудот покажува дека во времето во кое живееме, ЕУ не претставува кохерентен кибер-безбедносен актер, бидејќи клучните надлежности во оваа сфера остануваат во рацете на државите-членки и се сметаат за исклучителни важна сфера на националните интереси. Постоечките надлежности на овој план на ЕУ - ниво се лоцирани во различни институции и агенции на ЕУ кои страдаат од недостаток на персонал и доволно ниво на финансирање и опременост, што резултира и со послаба координација и соработка помеѓу истите, како и со недоволна респонзивност кон потенцијалните кибер-опасности. Друг проблем е недоволната искористеност на новите технологии како Вештачката интелигенција (ВИ), која може да придонесе за елиминирање на некои од ризиците во кибер-просторот. Сепак, некои чекори за надминување на овие состојби се преземени со усвојувањето на Актот за Кибер-безбедност на ЕУ (2019), како и постојаниот мандат на ЕНИСА (Агенцијата за кибер-безбедност на ЕУ). Следеа воспоставувањето на Рамката за ЕУ за одговор на кибер-безбедносни кризи, Фондот за итен одговор на кибер-напади; воспоставување на мрежа за кибер-безбедност со Европскиот центар за истражување на кибер-безбедноста итн.

5. ***"Ecologic Cadastre: Comparative Overview of the EU and Macedonian Law"***, Proceedings of the 8th International Scientific Conference on Climate Change, Economic Development, Environment and People (CCEDEP 2019), Novi Sad, 2019, pp. 245-260.

Во овој труд се анализираат решенијата содржани компаративно во правото на ЕУ и во македонското право, а кои се однесуваат на регистарот на загадувачи на животната средина (еколошкиот катастар). Од средината на 1990-тите, ЕУ презема сигнификантни чекори за борба против климатските промени.  Па така, пристапот до информации за

штетните емисии во воздухот, водата и земјата се клучни придобивки од Архушката конвенција и Киевскиот протокол. Е-ПРТР е бесплатна платформа која обезбедува изобилство од податоци за загадувачите, нивоата на штетни емисии, графикони, статистички податоци итн. На овој начин, граѓаните на ЕУ се целосно информирани за сите загадувачи кои ја засегаат животната средина, но сеуште има простор овој систем да се надгради. Македонското право номинално ги следи сите релевантни развои на меѓународен план, посебно преку процесот на редовен мониторинг од страна на Европската комисија, но, сеуште се потребни дополнителни напори за да се обезбеди лесен и бесплатен пристап за македонските граѓани до сите релевантни информации за загадувачите на животната средина. На овој начин, македонските граѓани би имале поголем инпут во одлучувањето за прашањата кои се однесуваат на заштитата на животната средина, бидејќи во моментов постои само една платформа (http://air.moepp.gov.mk) која нуди само нецелосни податоци за загадувачите и штетните емисии во животната средина, што е незадоволително.

6. ***"Financing EU Military Operations: The Athena Mechanism",*** Vision International Refereed Scientific Journal, Volume 3, Issue 2, International Vision University, Gostivar, 2018, pp.65-80.

Централна тема на овој труд е механизмот АТХЕНА за финансирање на мисиите на ЕБОП/ЗБОП, воспоставен во 2004 и неговите последователни измени во 2011, како и во 2015 година. Според постојниот режим, финансирањето на мисиите на ЗБОП е фрагментирано: административните трошоци доаѓаат од буџетот за ЗНБП, меѓутоа оперативните трошоци произлегуваат од различни извори. Мисиите со одбрамбени или воени импликации ги финансираат државите-членки кои учествуваат во операцијата, и посебно преку АТХЕНА - Механизмот. Сè до референдумот за Брегзит, како и отпочнувањето на преговорите меѓу ЕУ и Британија, британското противење на подлабока интеграција на овој план беше голема пречка за надминување на правните и техничките пречки за финансирање на операциите во рамките на ЗБОП. Но, со извесното истапување на Британија од членство, се создадоа услови најпрво за воспоставување на Службата за воено планирање и изведување, а потоа и со Европската мировна постројка, како инструмент кој трајно треба да ги реши проблемите на стабилно финансирање на миротворните мисии на ЕУ ширум светот, како и превентивното делување на Унијата во

потенцијални кризни жаришта. Со ова треба да се обезбеди кохерентност на Унијата во нејзиното надворешно дејствување, како и финансирање на оние операции кои поради нивните воени или безбедносни импликации не би можеле да се финансираат од буџетот на Унијата. Овој инструмент е замислен како пофлексибилен и треба да го замени АТХЕНА - Механизмот.

**Објавени научни и стручни трудови пред изборот во доцент**

1. ***"Decision-making and planning of European Union's peacekeeping missions",*** International magazine for social sciences "Vizione", 29/2018, The Association of Intelectuals "Democratic Club" Скопје, 2018.

